Врз основа на член 63, став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Сл.весник на РМ", број 10/97, 54/97, 13/2001), министерот за финансии го донесе следниот :

# ПРАВИЛНИК
## за определување на надоместокот за одобрение за приредување на забавни игри

("Сл.весник на РМ" број 42/2001 и 79/2001)

### Член 1

Со овој правилник се определува надоместокот за добивање на одобрение за приредување на забавни игри.

### Член 2

Износот на надоместокот за добивање на одобрение за приредување на забавни игри на домашно правно или физичко лице е 3.000 евра.

Надоместокот од став 1 од овој член, приредувачот на кого му е издадено одобрението го уплаќа во еднократен износ на денот на издавањето на одобрението во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија.

Бр.09-17816/1
25 септември 2001 година
Скопје

Министер за финансии
Никола Груевски, с.р.